**ИЗВЕШТАЈ ОД МЕЃУНАРОДНА НАУЧНО - СТРУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА НА ТЕМА"70 ГОДИНИ - ОРГАНИЗИРАНА ЕДУКАЦИЈА, РЕХАБИЛИТАЦИЈА И ВРАБОТУВАЊЕ НА ЛИЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА"**

Во периодот од 16 - 18 Мај, 2019 година во Битола, во хотел Капри организирана е меѓународна научно - стручна конференција на тема **"70 ГОДИНИ - ОРГАНИЗИРАНА ЕДУКАЦИЈА, РЕХАБИЛИТАЦИЈА И ВРАБОТУВАЊЕ НА ЛИЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА"**. Организатори на конференцијата беа

- Сојуз на специјални едукатори и рехабилитатори на Република Северна Македонија;
- Завод за рехабилитација на деца со оштетен слух, говор, глас и други проблеми во развојот "Кочо Рацин" - Битола.

Конференцијата се одржа под покровителство на **г-дин Зоран Заев**, Претседател на Влада на Република Северна Македонија.

Конференцијата започна на 16.05.2019 година со свечено отворање на кое присуствуваа околу 250 учесници, стручни лица од земјата и регионот.Во *ревијалниот дел* на конференцијата свое обраќање имаа министрите за здравство, образование и труд исоцијална политика, претставникот на Канцеларијата на Уницеф во Скопје и претседателот на Друштвото на дефектолози на Република Србија. Конференцијата за отворена ја прогласи покровителот г-дин Зоран Заев- Претседател на Владата на Република Северна Македонија. Во ревијалниот дел доделени се признанија во вид на плакети и благодарници.

Во делот на пленарните излагања, презентирани се трудови од претстваници на Националното координативно тело за имплементација на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за здравство, Бирото за развој на образованието, Институтот за дефектологија, Сојузот на специјални едукатори и

рехабилитатори на Република Северна Македонија, ЗРДОСГГДПР Кочо Рацин - Битола и Канцеларијата на УНИЦЕФ во Република Северна Македонија.

Оргиналните трудови беа организирани и распоредени во 4 групи:

**А)** *Воспитание и образование на лицата со попреченост;*

**Б)** *Стратегии и трендови во рехабилитацијата на лицата со попреченост;*

**В)** *Социјално економски аспекти на состојбата на лицата со попреченост;*

**Г)** *Општи теми*

Во склоп на конференцијата реализирани се и две дискусии на зададени теми:

*1. "Улогата на установите за заштита, едукација и рехабилитација на лицата со попреченост во развој на инклузивно општество во Република Северна Македонија"*

*2. "Подобрување на квалитетот на здравствената и социјалната заштита на лицата со попреченост"*

Согласно **препораките од** дискусиите на пленарна седница беа усвоени следниве заклучоци и препораки:

**ВО ОБЛАСТА НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА**

1. Потребно е формирање на Центри за рана интервенција во Република Северна Македонија, за деца на возраст од 0 до 6 години.

- Центрите за рана интервенција да бидат во надлежност на Министерството за здравство на РСМ, и за секој плански регион, а за почеток, да биде формиран по еден таков Центар.
- Центрите да бидат семејно ориентирани и истите да работат со трансдисциплинарен пристап.

- Центрите за рана интервенција да бидат функционално поделени, за деца на возраст од 0 до 3 години и од 3 до 6 години, и истите да остваруваат тесна соработка со Стручните тела за функционална проценка по МКФ.

- Центрите за рана интервенција да бидат во тесна соработка со јавните установи - детски градинки

2. Превземање на активности за подобрување на системот на здравствената заштита на возрасните лица со попреченост, пред се во однос на пристапноста на здравствената заштита за овие лица.

**ВО ОБЛАСТА НА СОЦИЈАЛНТА ЗАШТИТА И ВРАБОТУВАЊЕТО**

1. Воспоставување организиран систем на стручна поддршка во семејствата на лцата со попреченост преку соодветни сервисни служби.

2.Предлог активности за подобрување на професионалната ориентација и оспособување, преку воведување нови програми за оспособување според функционалните способности на лицата со попреченост, со цел нивно подобрено вклучување на пазарот на трудот.

**ВО ОБЛАСТА НА ОБРАЗОВАНИЕТО И ВОСПИТАНИЕТО**

**1.** Законските измени и системски реформи започнуваат да се прифаќаат во установите од областа на посебното воспитание и образование на децата со попреченост и се во насока на унапредување на инклузивното образование;

2. Системот за образование да се реформира во единствен образовен систем со трансформација и проширување на дејноста на посебните установи и паралелки, односно тие да добијат ресурсна улога за поддршка на учениците со попреченост во инклузивното образование;

3. Потребно е спроведување на активности за јакнење на рехабилитационата компонента на посебните училишта и паралелки;

4. Учениците да се вклучуваат во единствениот образовен систем по препорака на МКФ комисиите во зависност од функционалните способности преку изработка на ИОП (Индивидуални Образовни Планови);

5. Потребно е да се направи промена на Наставните Програми. Предлог е да постојат три вида Наставни Програми;

- Редовна наставна програма
- Адаптирана наставна програма (Индивидуални Образовен Програми/Планови)
- Модифицирани наставни програми. Овие програми да се реализираат во училиштата со ресурсна дејност и истите да се базираат на стекнување вештини од секојдневието а да бидат наменети за учениците со најнизок степен на функционалност)

6. Во склоп на Министерството за образование и наука да се организира сектор за инклузивно образование;

7. Во буџетот на РСМ да се предвиди посебна финансиска сметка за поддршка на учениците со попреченост во образованието;

8. Потребни се измени и дополнувања на Законот за средно образование по основа на инклузивните принципи од Законот за основно образование;

9. Бирото за развој на образование на РСМ да организира обуки на инклузивните тимови за подготовка и примена на универзален ИОП;

10. Деталите и специфичностите од типот на вид и број на сервиси за учениците, распределба на учениците со ПОП во паралелките, компетенции на специјален едукатор и рехабилитатор - стручен соработник, компетенции на специјален едукатор и рехабилитатор - ресурсен координатор да бидат предвидени во подзаконски акти;

11. По пилотирање МКФ комисиите да бидат внесени во системот.

Ул. 11 Октомври бр.42 Скопје
Жиро сметка: 300-0000001729-87 Комерцијална банка А.Д Скопје
e-mail: sojuz_defektolozi@yahoo.com
www.sojuznadefektolozi.org

Извештајот е доставен до Владата на Република Северна Македонија, Министерството за здравство, Министерството за образование и наука и Министерството за труд и социјална политика.

**Скопје , Мај 2019 година**

**Горан Петрушев**

Претседател  на Сојуз на специјални едукатори и рехабилитатори на РСМ